Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 14/20), член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23 и Олуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на определено време од шест месеци бр.0401-9295/1 од 31.12.2024 година, ЈП Водовод и канализација - Скопје објавува,

**ЈАВЕН ОГЛАС број 06/2024**
**за прием на работници во работен однос на определено време од шест месеци во ЈП Водовод и канализација-Скопје**

Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје има потреба од засновање на работен однос на определено време од шест месеци, на следново работно место:

- **КДР0305Б01095 Инженер соработник во одделние за проектирање, развој и екологија во Одделение за проектирање, развој и екологија во Сектор Технички работи и развој - 1 (еден извршител)**
- **Стручни квалификации**- нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен.
- работно искуство и тоа:
- за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката,

- **Паричен износ на нето плата:** 39.030,00 денари**.**

**Кандидатите кои аплицираат на јавниот оглас треба да ги исполнуваат и следните општи услови :**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Работно време:** од 07:30 до 15:30 часот**.**
**Работни часови:** неделно 40 часа.

**Рок на пријава:**

Рокот за пријавување по Јавниот оглас изнесува 3 (три) дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Изборот на кадидатите ќе се врши во рок од 45/90/120 дена по истекот на рокот за пријавување во согласност со член 23 став 2 од Законот за работни односи

Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страницата на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk.

Потполнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул. Лазар Личеноски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 357, лице за контакт Горан Михајлов.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.